UDK 37

ISSN 2545 - 4439
ISSN 1857 - 923X

# INTERNATIONAL JOURNAL

Institute of Knowledge Management

# KNOWLEDGE




KIJ Vol. 30 No. 5 pp. 1085 - 1352 Skopje 2019

Global Impact & Quality Factor 1.822 (2017) http://globalimpactfactor.com/knowledge-international-journal/

# KNOWLEDGE

## INTERNATIONAL JOURNAL

## SCIENTIFIC PAPERS
## VOL.30.5

*Promoted in Vrnjacka Banja, Serbia*
*March, 2019*

KNOWLEDGE – International Journal
Vol.30.5
March, 2019

INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT
SKOPJE

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific papers Vol. 30.5

**ADVISORY BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Venelin Terziev PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Cezar Birzea PhD, Ljubomir Kekenovski PhD, Veselin Videv PhD, Ivo Zupanovic, PhD, Savo Ashtalkoski PhD, Zivota Radosavljević PhD, Laste Spasovski PhD, Mersad Mujevic PhD, Nonka Mateva PhD, Rositsa Chobanova PhD, Predrag Trajković PhD, Dzulijana Tomovska PhD, Nedzad Korajlić PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Nikolina Ognenska PhD, Baki Koleci PhD, Lisen Bashkurti PhD, Trajce Dojcinovski PhD, Jana Merdzanova PhD, Zoran Srzentić PhD, Nikolai Sashkov Cankov PhD, Marija Kostic PhD

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**Editor in chief**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 30.5**

KNOWLEDGE – International Journal
Vol.30.5
March, 2019

**INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD**

**President:** Academic, Prof. Vlado Kambovski PhD, Skopje (Macedonia)

**Vice presidents:**
Prof. Robert Dimitrovski PhD, Institute of Knowledge Management, Skopje (Macedonia)
Prof. Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade, Belgrade (Serbia)
Prof. Venelin Terziev PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
Prof. Mersad Mujevic PhD, Public Procurement Administration of Montenegro (Montenegro)
Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting, Zagreb (Croatia)

**Members:**
- Prof. Aleksandar Korablev PhD, Dean, Faculty for economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolverhampton, (United Kingdom)
- Prof. Ana Dzumalieva PhD, South-West University "Neofit Rilski", Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Aziz Pollozhani PhD, Rector, University Mother Teresa, Skopje (Macedonia)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Boshkovic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Baki Koleci PhD, University Hadzi Zeka, Peya (Kosovo)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of Law, Kragujevac (Serbia)
  Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University "Goce Delcev", Shtip (Macedonia)
- Prof. Cezar Birzea, PhD, National School for Political and Administrative Studies, Bucharest (Romania)
- Prof. Cvetko Andreevski, Dean, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Drago Cvijanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus, College of professional studies in Management and Business Communication, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dimitar Radev, PhD, Rector, University of Telecommunications and Post, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Daniela Todorova PhD, Rector of "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Daniela Ivanova Popova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Dean, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola(Macedonia)
- Prof. Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)

- Prof. Fadil Millaku, PhD, Rector, University "Hadzi Zeka", Peja (Kosovo)
- Prof. Fatos Ukaj, University "Hasan Prishtina", Prishtina (Kosovo)
- Prof. Georgi Georgiev PhD, National Military University "Vasil Levski", Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Prof. Halit Shabani, PhD, University "Hadzi Zeka", Peja (Kosovo)
- Prof. Halima Sofradzija, PhD, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Haris Halilovic, Faculty of criminology and security, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Hristina Georgieva Yancheva, PhD, Rector, Agricultural University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Hristina Milcheva, Medical college, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Izet Zeqiri, PhD, Academic, SEEU, Tetovo (Macedonia)
- Prof. Ivan Marchevski, PhD, Rector, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Ivo Zupanovic, PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Ivan Petkov PhD, Rector, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Isa Spahiu PhD, AAB University, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, Podgorica (Montenegro)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jove Kekenovski PhD, Faculty of Tourism, UKLO , Bitola (Macedonia)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar" - Varna (Bulgaria)
- Prof. Jelena Stojanovic PhD, High medicine school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
- Prof. Katerina Belichovska, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Krasimir Petkov, PhD, National Sports Academy "Vassil Levski", Sofia (Bulgaria)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Prof. Kiril Lisichkov, Faculty of Technology and Metallurgy, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (Macedonia)
- Prof. Larisa Velic, PhD, Faculty of Law, University of Zenica, Zenica ( Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Lujza Grueva, PhD, Faculty of Medical Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Lazar Stosic, PhD, Association for development of science, engineering and education, Vranje (Serbia)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Ljubomir Kekenovski PhD, Faculty of Economics, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)

- Prof. Marusya Lyubcheva PhD, University "Prof. Asen Zlatarov", Member of the European Parliament, Burgas (Bulgaria)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Maja Lubenova Cholakova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Mihail Garevski, PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology, Skopje (Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Mitko Kotovchevski, PhD, Faculty of Philosophy, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovikj, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Margarita Bogdanova PhD, D.A.Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Mahmut Chelik PhD, Faculty of Philology, University "Goce Delchev", Shtip (Macedonia)
- Prof. Marija Mandaric PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High Technological and Artistic Vocational School, Leskovac (Serbia)
- Prof. Nadka Kostadinova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Nenad Taneski PhD, Military Academy "Mihailo Apostolski", Skopje (Macedonia)
- Prof. Nevenka Tatkovic PhD, Juraj Dobrila University of Pula, Pula (Croatia)
- Prof. Nedzad Korajlic PhD, Dean, Faculty of criminal justice and security, University of Sarajevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Nikolay Georgiev PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nikolina Ognenska PhD, Faculty of Music, SEU - Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Nishad M. Navaz PhD, Kingdom University (India)
- Prof. Oliver Iliev PhD , Faculty of Communication and IT, FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof. Paul Sergius Koku, PhD, Florida State University, Florida (USA)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Predrag Trajkovic PhD, JMPNT, Vranje (Serbia)
- Prof. Petar Kolev PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics, University of Novi Sad, Subotica (Serbia)

- Prof. Rade Ratkovic PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Rositsa Chobanova PhD, University of Telecommunications and Posts, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Stefanov PhD, Dean, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Sasho Korunoski, Rector, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Sashko Plachkov PhD, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad
- (Bulgaria)
- Prof. Snezhana Lazarevic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Stojan Ivanov Ivanov PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
  Prof. Snezana Stoilova, PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Sandra Zivanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Shyqeri Kabashi, College "Biznesi", Prishtina (Kosovo)
- Prof. Trayan Popkochev PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Todor Krystevich, Vice Rector, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Todorka Atanasova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Doc. Tatyana Sobolieva PhD, State Higher Education Establishment Vadiym Getman Kiyev National Economic University, Kiyev (Ukraine)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Violeta Dimova PhD, Faculty of Philology, University "Goce Delchev", Shtip (Macedonia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technological Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Valentina Staneva PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Vasil Zecev PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Venus Del Rosario PhD, Arab Open University (Philippines)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Zlatko Pejkov, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Dean, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

## Contents

A CORPUS-BASED STUDY ON PREPOSITIONAL PHRASES IN LEGAL VOCABULARY IN ENGLISH AND BULGARIAN ..... 1101
Deyana Peneva ..... 1101
READING STRATEGIES BEFORE, DURING AND AFTER READING ..... 1107
Adrijana Hadzi-Nikolova ..... 1107
Nina Daskalovska ..... 1107
Marica Tasevska ..... 1107
LEXICAL AMBIGUITY COMPARED TO SYNTACTIC / OR STRUCTURAL AMBIGUITY ..... 1113
Ardian Fera ..... 1113
RESEARCH STUDIES COMPARING THE EFFECTIVENESS OF EXPLICIT AND IMPLICIT GRAMMAR INSTRUCTION ..... 1117
Vesna Koceva ..... 1117
Vesna Prodanovska-Poposka ..... 1117
BASIC PROBLEMS OF LEARNING BULGARIAN ..... 1125
Antoaneta Pavlova ..... 1125
Maria Krasteva ..... 1125
Dobrinka Paskaleva ..... 1125
LANGUAGE BARRIERS COMPLEXITY AND THEIR IMPLICATIONS WITH FATAL CONSEQUENCES IN AVIATION ..... 1131
Djukica Mirkovic ..... 1131
Marica Simic ..... 1131
GRAMMAR MISTAKE OR CREATIVE EFFECTIVENESS? ..... 1137
MiroslavaTsvetkova ..... 1137
POSSIBILITIES OF THE APPLICATION OF THE THEORY OF INTERTEXTUALITY IN ALBANIAN LITERATURE IN THE BEGINNING OF THE 20TH CENTURY ..... 1143
Jehona Rushidi-Rexhepi ..... 1143
COMPLEX WORDS WITH FIRST ELEMENT VARIABLE VERTICAL FORM ..... 1149
Albena Baeva ..... 1149
THE EFFECTS OF EXPLICIT SUPPLEMENTAL INSTRUCTION ON STUDENTS' LANGUAGE COMPETENCE ..... 1151
Nina Daskalovska ..... 1151
Tatjana Ulanska ..... 1151
Adrijana Hadzi-Nikolova ..... 1151
THE THEORETICAL DETERMINATION OF THE SYNTACTIC CATEGORY OF A INCONGRUENT ATTRIBUTE ..... 1157
Esmeralda Mustafic ..... 1157
FROM WATERGATE TO BREMAIN: FORMING NAME-BASED NEOLOGISMS FROM ALREADY EXISTING ONES ..... 1161
Aleksandra Aleksandrova ..... 1161
DIDACTIC INSTRUCTIONS AND DEVELOPMENT THE CONTENT TURKISH LANGUAGE IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA ..... 1167
Osman Emin ..... 1167
COMPARATIVE ANALYSIS OF THE TURKISH WORDS USED IN *COUSINS* BY METO JOVANOVSKI ..... 1177
Magdalena Simionoska ..... 1177

THE CONCEPT OF BEAUTY AND LOVE ON THE EXAMPLES OF POETRY ........ 1183
Violeta Nikolovska ........ 1183
PLANT SYMBOLS IN LITERATURE FOR CHILDREN OF VIDOE PODGORETS ........ 1189
Katerina Lazarovska ........ 1189
Jovanka Denkova ........ 1189
ARTISTIC VISIONS OF MUHAMED ABDAGIC IN THE NOVEL FENIX ........ 1195
Kemal Džemić ........ 1195
Ahmet Bihorac ........ 1195
CHILDREN'S COMPREHENSION OF THE CONCEPT OF *BORDERS* ........ 1199
Marija Emilija Kukubajska ........ 1199
RHETORICAL STRUCTURE OF RESEARCH MEDICAL ARTICLE ABSTRACTS – BULGARIAN-ENGLISH CONTRASTIVE STUDY ........ 1205
Ivaylo Dagnev ........ 1205
Mariya Saykova ........ 1205
Maya Yaneva ........ 1205
GRAFFITI AS A TEXT ........ 1209
Marija Paunova ........ 1209
JAPANESE POSTERS, GRAPHICS AND DECORATIVE ARTS ........ 1217
Marko Ruzin ........ 1217
COMMUNICATION MANIPULATIONS IN THE INTERNET THROUGH THE MEANS OF LINGUISTIC EXPRESSION ........ 1225
Vance Bojkov ........ 1225
Marieta Goceva ........ 1225
MANAGEMENT OF VISUAL ARTS ........ 1235
Milena Savic ........ 1235
Dragana Frfulanovic Somodji ........ 1235
JAPANESE CALLIGRAPHY ........ 1241
Marko Ruzin ........ 1241
TEAM WORK AS CREATIVITY INCENTIVE IN ART ........ 1247
Emilija Đikić – Jovanović ........ 1247
Aleksandra Perić – Nikolić ........ 1247
Nataša Blagojević ........ 1247
Milan Vasić ........ 1247
Viktorija Stanković ........ 1247
TOWARDS'CYCLIC RECURRENCE AS A DEVELOPMENT PRYNCIP ........ 1251
Irina Haralampieva ........ 1251
DESIGN IN JAPAN: FROM TRADITION TO HIGHEST MODERN CREATIONS ........ 1259
Marko Ruzin ........ 1259
INITIAL ADAPTATION AND VALIDATION FOR BULGARIAN CONDITIONS OF A SCALE MEASURING THE ACADEMIC RESILIENCE AMONG STUDENTS ........ 1267
Liliya Babakova ........ 1267
CORRELATION BETWEEN THE STRESS OF PARENTAL ROLE AND THE INTENSITY AND FREQUENCY OF NEGATIVE MASS LIFE EVENTS IN THE PARENTS OF CHILDREN WITH AUTISM SPECTRUM DISORDER, IN COMPARISON TO THE PARENTS OF CHILDREN WITH TYPICAL DEVELOPMENT ........ 1273
Mia Carakovac ........ 1273
Ivona Milacic Vidojevic ........ 1273

LYING IN INTERPERSONAL RELATIONSHIPS IN ADOLESCENCE ..... 1279
Venelina Stoeva Stoeva ..... 1279
SELF-ESTEEM, LIFE SATISFACTION AND NEED FOR ACHIEVEMENT AMONG PEOPLE IN EARLY ADULTHOOD ..... 1285
Atanas Ivanoski ..... 1285
POLITICAL KNOWLEDGE – A CHALLENGE TO THE CONTEMPORARY POLITICAL CULTURE IN BULGARIA ..... 1289
Petrana Stoykova ..... 1289
HUMAN RIGHTS PROTECTION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA BASED ON ETHNICAL BASIS ..... 1297
Miranda Sabriu Bexheti ..... 1297
RELIGION, SECULARISM AND POLITICAL SYSTEM – STATE ..... 1301
Flora Kadriu ..... 1301
Leon Kadri ..... 1301
PHILOSOPHICAL ASPECTS OF MODERNISM AND GLOBALIZATION: ZYGMUNT BAUMAN ANDOTHERS ..... 1307
Amir Mustafai ..... 1307
AN EXCURSION INTO PHILOSOPHY AND PSYCHOLOGY OF CREATIVITY ..... 1313
Petar Radoev Dimkov ..... 1313
THE REALITY AND ITS INSTANCES: REVIEW ON BERGER'S AND LUCKMANN'S THEORY OF THE *SOCIAL CONSTRUCTION OF REALITY* ..... 1319
Amir Mustafai ..... 1319
TOLERANCE, INTEGRATION AND DIALOGUE AS DYNAMIC PRINCIPLES OF LIBERAL MULTICULTURALISM ..... 1325
Flora Kadriu ..... 1325
CONFUCIANISM AS A RELIGION - ITS EFFECTS ON EDUCATION, POLITICS AND ECONOMY ..... 1331
Slobodan Despic ..... 1331
MONOTHEISM AND VIOLENCE ..... 1337
Vesna Pavlovic ..... 1337
Veroljub Bojičić ..... 1337
THE DECAY OF THE SOCIALISM IN HUNGARY ..... 1343
Goranco Jakimov ..... 1343
THE DESIGN – THE ESSENCE OF THE JAPANESE SPIRIT ..... 1347
Marko Ruzin ..... 1347

# PLANT SYMBOLS IN LITERATURE FOR CHILDREN OF VIDOE PODGORETS

**Katerina Lazarovska**
lazarovskakaterina@yahoo.com

**Prof. Jovanka Denkova Ph.D**
**Faculty of Philology, Goce Delchev University – Shtip, Republic of Macedonia**
jovanka.denkova@ugd.edu.mk

**Abstract:**This paper reviews the richness in the work of Vidoe Podgorets. It is talked about the place that he as a writer takes in the Macedonian literature for children. Here are four sections selected for consideration, through which the point of the work will be revealed and confirmed. Above all, the importance of the works for their readers, the lessons, the point of the writer, the messages that he sends through all his works will be appreciated. In his works, Vidoe Podgorets inserts symbols, which he mostly displays through the numerous plant world. For this paper, the material is obtained through research, in selected works, two of which are novels, two works are collections of short stories. The aim of this paper is to find the need, the meaning of the plant life, which prevails and abounds in the works of Podgorets. The plant is considered from the symbolic - literary aspect, but also the connection with the content of the work. The plants carry in themselves a strong message and symbolism, which the author sends to his readers. Here, the descriptive and causal method is used. These methods will reveal the description and discover the reasons for the abundance of the plant life, in the selected works of Podgorets, symbolism, meaning and visuality.
**Key words:** plants, symbolism, Vidoe Podgorets.
Field: Humanities

# РАСТИТЕЛНИТЕ СИМБОЛИ ВО КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ

**Катерина Лазаровска**
lazarovskakaterina@yahoo.com

**Проф. д-р Јованка Денкова**
**Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“– Штип, Република Македонија**
jovanka.denkova@ugd.edu.mk

Апстракт: Во овој труд се разгледува плодното творештво на Видое Подгорец. Се зборува за местото кое тој како писател го зазема во македонската литература за деца. Овде за разгледување се одбрани четири дела, преку кои ќе се открие и потврди самата поента на трудот. Пред сè, ќе се согледа важноста на делата за нивните читатели, поуките, поентата на писателот, пораките кои ги испраќа преку сите свои дела. Во своите дела, Видое Подгорец вметнува симболи, кои најмногу ги прикажува преку многубројниот растителен свет во своите дела. За овој труд податоците се добиени преку истражување, во одбраните дела, од кои две се романи, две дела се збирки раскази. Целта на овој труд, е да пронајде потребата, значењето на растителниот свет, кој преовладува и изобилува во делата на Подгорец. Се разгледува растението од симболички – литературен аспект, но и поврзаноста со содржината на делото. Растенијата во себе носат цврста порака и симболика, која авторот ја испраќа до своите читатели. Овде се користат дескриптивниот и причинскиот метод. Преку овие методи ќе се откријат опишат и откријат причините за изобилството на растителен свет, во одбраните дела на Подгорец, симболиката, значењето и сликовитоста.
**Клучни зборови:** растенија, симболика, Видое Подгорец.

## Вовед

Творештвото на Видое Подгорец е една голема ризница, од која и ден денес се исцрпуваат податоци и се откриваат нови нешта. Неговите дела сè уште го носат приматот и се вбројуваат во едни од најдобрите примероци на литература за деца. Многу генерации имаат пораснато со неговата литература за деца, тој поседува огромен број романи, раскази, песни кои и ден денес се читаат, се обработуваат и имаат голема улога во животот на децата, но и на нивните родители. Кога се спомeнува името на Видое Подгорец, најпрво се асоцираме на прекрасниот роман „Белото циганче". Овој роман ретко кој го нема читано и ретко кој го има заборавено. А зошто е тоа така? Зошто овој роман за деца е толку многу значаен и важен? Тој изобилува со слики, кои при самото читање, читателот ги создава и тоа не се само обични слики, тоа се слики кои остануваат врежани во меморијата на самиот читател.

Творештвото на Подгорец е многубројно и разновидно, тој е еден од најплодните и најистакнатите писатели, чија што определба да пишува најмногу литература за деца, била една од најважните одлуки кои ги донел. Секој негов напишан расказ, секоја негова напишана песна или роман е создадена со причина, да остави порака, да советува, да порача нешто на читателот. Неговите дела изобилуваат со симболи, кои ги испраќа преку растителниот свет. Најчесто, симболите и нивните значења се јасни, очекувани, затоа што се темелат врз особина на некое растение.

## Симболизмот во творештвото на Видое Подгорец

Уште од минатото, особеностите на растенијата се сметаат како израз на природните закони и морални вистини. За време на својата еволуција, додека живеел на отворено, човекот постојано бил опкружен со цвеќиња, растенија и дрвја кои влијаеле врз сите негови сетила: вид, допир, вкус, мирис, слух, кога шушкањето на лисјата и тревата го предупредувало, како и крцкањето и кршењето на гранките (Lehner, Lehner, 2003: 13). Поради тоа и во делата на Подгорец растителниот свет, поседува карактеристики, кои се пренесуваат како значајни скриени пораки до читателот. Тие носат огромно количество информации, кои лесно се паметат и се едноставни. Преку симболите, кои можат да се пронајдат во делата на Подгорец, читателите можат да ги разберат патиштата на развојот на човековата мисла, обичаите, религијата. Повеќето од симболите, кои се затскриени зад растенијата во делата на Подгорец, имаат подлабоки и попривлечни значења и асоцијации. Тој е еден од подобрите „педагози", кој преку своите дела им праќа совети на најмалите читатели и преку неговите дела прави децата да растат и правилно да пресудуваат за нештата со кои се соочуваат низ нивното секојдневие. Иако творел во минатиот век, сепак содржината на неговите дела и ден денес е важечка и трае и ќе трае. Тоа значи дека и понатаму, оној кој ќе ги чита неговите дела независно од кој жанр се, може и да научи нешто, но и да дознае како било претходно и на кој начин порано се одвивале нештата кај луѓето. Творештвото на Подгорец е полно со описи и преку нив читателот може да создаде претстава за настаните, со кои се исполнети неговите дела. Самите описи на природата, животните, времето, куќите, околината во која живеат ликовите во делата на Подгорец, нè носат нас, како читатели во неговиот свет, кој тој го создал за секој негов читател, независно од тоа дали е млад или возрасен. Колку многу преовладуваат животните, растителниот свет, преку тоа може да се забележи љубовта која Подгорец ја има за својата земја, за природата и колку многу ја цени. Низ неговите дела може да се сретнеме со животни, кои се највeрните другари на ликовите, со растенија кои им помагаат во преживувањето и прехранувањето. Освен што растителниот и животинскиот свет имаат огромна улога во „животот" на ликовите во делата на Подгорец, тие претставуваат и комплетни слики за тоа колку Македонија изобилува со природни богатства, со најразлични видови растенија и животни. Дел од растенијата кои Подгорец ги споменува во своите дела, повеќе не се одгледуваат на нашата територија, со тоа може да се согледа и колку нештата се промениле низ годините, а што и понатаму останало исто.

## Растителните симболи во творештвото на Видое Подгорец

Овде ќе се разработат четири одбрани дела на Подгорец и тоа: „Белото циганче“, „Криворог“, „Вечните огнови“ и „Деца под печурки“. Секое од овие дела содржи посебна убавина, но она дело што содржи приказна која ги буди сите сетила е „Белото циганче“. Тоа е дело кое го прикажува животот на дете без родители, кое расте под покривот на Роми и спие на нивната циганска черга, во нивниот карван. Најважно од сè во ова дело е прикажувањето на борбата на Циганите со животот, со студот, со гладот, со беспарицата. Тие проблеми кои се опишани во романот, преовладуваат и денес. Отсликана е борбата за преживување, макотрпната работа, селидбата, од едно место на друго, приспособувањето на тешките услови кои им ги нуди животот. Преку погледот на светот на Таруно, во романот е прикажана судбината на илјадниците деца во светот, кои и ден денес се наоѓаат во таа незавидна ситуација, да растат без најмилото, без родители. Подгорец сакал да ни ја прикаже и љубовта на баба Мулон, кој иако не му е родител на Таруно, несебично му дава татковска љубов и прави сè за него. Во ова дело е прикажана и љубовта на детето кон животинскиот свет, пожртвуваноста за едно животно. Таруно има свое ждребе Бреско, за кого е приврзан премногу. Момчето преку судбината на Бреско ја гледа својата судбина и се поистоветува со неа. Затоа Таруно е толку многу приврзан со Бреско, се грижи и го сака. Подгорец го прикажал и вистинското другарство, како двигател низ целото дело, колку вистинскиот другар може да ти ја замени празнината за брат или сестра. Богатите описи кои Подгорец ги подготвил за своите читатели, претставуваат вистински пејзаж од природа, од растителен и животински свет. Преку самите растенија, животни, тој ја прикажува својата гордост на убавините на својата земја и покажува колку само богатства растат, се одгледуваат и успеваат на македонското тло. Тој споменува огромен број најразлични растенија, некои од нив играат улога за преживување на главниот лик во романот, а некои претставуваат опис, со кој читателот ги збогатува своите слики за одреден настан во делото. Авторот го споменува богатиот растителен свет во „Белото циганче“, за читателот да ги пронајде пораките, кои се оставени токму преку растенијата. Флоралните/растителни симболи во „Белото циганче“ „ги откриваат тајните на потсвесното, водат до најскриените придвижувачи на дејството, го отвораат духот кон непознатото и кон бескрајното“ (Шевалие, 2005: 8). Некои од растенијата имаат библиски значења, христијански симболи, затоа што токму преку нив сакал на читателот да му ја долови поентата на постоењето на човекот, на истрајноста, борбата низ животот и тешкотиите со кој се соочува. Други пак, имаат симболика на вечност, на упорност, на плодност, на животот, истрајноста. Токму овие карактеристики отсекогаш ги поседувал нашиот македонски народ, кој наназад низ вековите се соочувал со лоши, несреќни ситуации. Подгорец преку класот, класјето го прикажува симболот на летото, годишното време на жетвите, изобилието. Тоа е годишното време за кое живеат Ромите, период кој за нив е најубав, затоа што имаат сè во изобилство. Цветот кој постојано го споменува низ делото, симболизира детство, преку овој симбол се прикажува детството на Таруно, кое го поминува со циганскиот карван. Преку кокичето ја симболизира храброста, издржливоста, непоколебливоста која ја имаат Ромите како народ, кој се соочува со илјадници препреки. Трската која ја користат за плетење, симболизира радост, безгрижност, здравје. Оризот кој го работат во летниот период симболизира богатство и изобилство, токму преку летото Ромите имаат сè, немаат потреба да живеат скромен живот. Тревките кои ги има во изобилство во романот, симболизираат закрепнување, лековито, што значи дека секоја ситуација независно колку е тешка, полека ќе исчезне, ќе се намали болката, ќе залечи. Јаболкото го симболизира обновувањето, издигнувањето повторно над проблемите и препреките со кои се соочува главниот лик. Преку секое растение може да се „прочита“ целта, зошто тоа има свое место во ова дело, секое од растенијата има симболика, која е поврзана со содржината на книгата. Можеби целта на нагласување на огромниот број на растителен свет во делото „Белото циганче“, авторот ја прикажува преку симболиката на растенијата, чии што симболи имаат сличности и се поврзани меѓу себе. Веројатно авторот освен што сакал да ги нагласи убавините на Македонија и богатството со растителен свет, тој сакал да ја прикаже и нивната симболика во ова дело, дека секое од растенијата носи во себе своја порака и совет, која писателот ја испраќа нам, на своите читатели.

Романот за деца и млади „Криворог“ од Видое Подгорец поседува огромна поука, но и порака во себе. Преку Криворог, кој всушност претставува див јарец, ја прикажува храброста и истрајноста на еден човек, кој живее најпрво во околина на своите, а потоа живее осаменички

живот во планината. Криворог успева да ги премине сите препреки кои животот му ги задава и да преживее сам и да доживее длабока старост. Преку овој лик, кој не е човечки, туку анималистички, Видое Подгорец го поттикнува и го подучува својот читател како да успее да се избори со сè она што го попречува, но го советува и дека сите нешта потребни за успех низ животот се учат од постарите, од искуството, но и од моменталните ситуации. На тој начин, Криворог подготвен да се соочи со сè, успева да истрае и да се памети како божество, кое успеало да надмине сè и да ги победи сите свои непријатели. И преку овој роман, може да се забележи колку само му била важна симболиката на Подгорец и колку многу тој сакал преку едно диво животно, Криворог, кај читателот да создаде слика преку која младиот читател ќе ја разбере симболиката, која писателот ја вметнал и во ова негово дело, а со тоа и ќе ја восприема пораката на делото. И самиот наслов, кој го носи овој роман, претставува симбол, за чие значење се дознава при самото читање на делото. На што нè насочува писателот? Создаваме слика на јарец со криви рогови, кој победил и се соочил со сè на планината, зад тој јарец се крие човек, кој победува сè и успева да опстане во суровиот свет. При читањето на делото, освен што се следат случувањата, се гледа и како писателот и овде вметнува голем дел од природните богатства кои Македонија ги поседува, како животински, така и растителен свет. Планината е вистинското место, кое ненамерно Подгорец го одбрал за локација на ова дело, а зошто? Затоа што таа изобилува со сè и е богата со илјадници видови растенија и стотина животни. Како најголем љубител на природата, Подгорец ги вметнува билките, цвеќињата, дрвјата, со кои се богати нашите планини. Освен што сакал да го прикаже на своите читатели, неисцрпното богатство на нашата земја, писателот и овде сакал да му испрати пораки на читателот, преку растителниот свет. „Симболот навестува едно ниво на свест поинакво од рационалната очигледност: тој е шифрата на една тајна, единствениот начин да се каже она што не може поинаку да се сфати; тој никогаш не е разјаснет до крај, туку секогаш одново треба да се открива...“ (CORI, 13 (Шевалие, 2005: 13)). Растенијата кои ги вметнал Подгорец во „Криворог“, испраќаат многу цврста порака, преку нивната симболика. Дренот, липата, темјанушката, брезата, детелината, борот, кокичето и други, се симболи со слично значење и се споменати заедно со иста цел. Улогата на овие растенија во делото е да ја прикажат бесмртноста на Криворогот, храброста и издржливоста, силата на неговата крв, симболот на животот и смртта. Преку Криворогот, но и преку брезата е прикажан текот на еден човечки живот. Липата претставува симбол на пријателството. Ако се задлабочиме во делото и да гледаме под првичниот текст напишан од Подгорец, можеме да ги откриеме скриените пораки кои ги оставил писателот, на своите најљубопитни читатели и тие пораки нè водат во скриениот свет, кој авторот го создавал во скоро сите свои дела. Симболите се тајните, кои Подгорец ги сокрил зад растителниот свет во неговите дела и чекаат да бидат пронајдени и откриени.

Освен што творештвото на Подгорец изобилува со романи, тој во неговото творештво има и преубави раскази. Во своите две збирки раскази, „Деца под печурки“ и „Вечни огнови“, има сместено раскази кои во себе носат прекрасни пораки за најмладите читатели. Секој расказ е посебен и има своја вредност и причина, што сакал Подгорец да потенцира во секој од нив. Во секој од расказите на Подгорец има богат опис на настаните, околината, природата и ликовите. Подгорец во секое свое дело независно дали е расказ, роман или патопис, остава свој личен белег по кој е препознатлив. Во свој стил, на свој начин и по ист шаблон тој опишува, доловува, насликува, за читателот да создаде комплетна слика за случувањето во расказот. И овде, во збирките раскази, вметнува приказни од секојдневието, ја обојува природата онака како тој што тоа најдобро го прави, ги користи животните како ликови во дел од расказите, фантазира и нè води во неговиот свет. Тој пишува едноставно, пристапно, привлечно, разбирливо за читатели од најразлична возраст. Се посветил за една цел, преку секој свој расказ, краток или подолг, да остави впечаток, прикажувајќи уште една нова кратка приказна, колку забавна, толку и поучна. Расказите за мама, крокодилот, штркот, лавот, волшебникот, љубовта, китот, руенчето, султанот, школката, дивите свињи, сите се со различна тематика, но имаат иста цел да го насмеат, подучат, забават читателот. Целото творештво на Подгорец изобилува со животински и растителен свет, тоа го забележуваме и во збирките со раскази. Во секој негов расказ има споменато барем едно растение и тоа не е случајно. Како и во сите свои дела и овде ја истакнува флората, како негов заштитен знак, а секој вид има значење и причина, зошто е напишано и сместено токму во еден од расказите. Секое од растенијата има своја функција и своја

симболика. Секој читател индивидуално го восприема симболот на едно од растението, секој индивидуално го толкува и доживува. Писателот и овде сака да го прикаже богатството од природа, кое го поседува нашата земја и колку таа има плодна почва успешна за најразлични видови растенија. Преку симболите на брезата, јаболката, смоквата, маслинката, кокичето, лукот, кромидот и други, писателот ја прикажува скриената порака, која тој сака подзаскриено да ја испрати до своите читатели. Брезата ни го симболизира човечкиот живот, јаболката е симбол на бесмртноста, смоквата е симбол на моќта и животот, на изобилието. Маслината има големо симболичко значење, таа претставува мир, плодност, сила, победа, преку овие, но и преку сите други споменати растенија, можеме да ја прочитаме поентата, позитивната мисла, која писателот ја имал додека творел, љубовта која ја носел во себе за својата земја, за природата, за растителниот и животинскиот свет. Преку многуте симболи кои ги сокрил зад растенијата, дознаваме и за тоа колку многу Видое Подгорец имал позитивна енергија и колку позитивни сигнали испраќал како пораки преку симболиката, која ја користи преку флората во своите раскази, па и воопшто во секое негово дело. Симбол според К.Г. Јунг претставува слика, име или термин од секојдневниот живот, кои содржат некакви импликации кои се додаваат на нивното вообичаено и очигледно значење. Подгорец преку растенијата во неговите раскази имплицира за својот читател нешто скриено, непознато и нејасно. Секој негов расказ, е посебен, различен, по структура и содржина, но секој од расказите има заедничко со другите, испраќаат позитивни вибрации при читањето, сите се со цел да го подучат младиот читател со нешто за животот, за минатото, за секојдневието.

## Заклучок

Творештвото на Видое Подгорец го сочинуваат дела, кои содржат во себе богат растителен и животински свет, свет преку кој писателот ни покажува колку само Македонија изобилува со природни богатства. Колку многу само тој ја сакал природата и сакал да ја изнесе неговата љубов преку нејзе. Во одбраните дела на Подгорец, „Симболите се совршено насликани, обредните движења се скицирани, превезот е подигнат; но, за неупатениот, тајната останува тајна, обременета со двосмислености“ (Шевалие, 2005: 10). Преку изобилниот растителен свет, сакал да ни ги истакне симболите, кои секое од растенијата ги носи во себе, а ние како негови читатели да ги протолкуваме знаците и пораките кои тој ги испраќа. „Малку е ако се рече дека живееме во свет на симболи, цел еден свет на симболи живее во нас“(Шевалие, 2005: 9). Флоралниот свет кој Подгорец го вметнал во своите значајни дела ни испраќаат позитивни пораки, пораки преку кои се добива сознанија за убавините на нашата земја, за животот на човекот, за силата, за пријателството, за бесмртноста, храброста, издржливоста итн.  Според зборовите на Жорж Гирвич (Georges Gurvitch), симболите „откриваат сокривајќи и сокриваат откривајќи“ (Шевалие, 2005: 10).

ЛИТЕРАТУРА


1. Гербран,Ален; Шевалие, Жан (2005). Речник на симболите. Скопје: Табернакул.
2. Lehner, E., Lehner, J. (2003). Folklore and Symbolism of Flowers, Plants and Trees. New York: Dover Pictorial Archive Series, пристапено на 05.11.2018, https://books.google.mk/books?hl=en&lr=&id=E1MsNIoiFOcC&oi=fnd&pg=PA1&dq=symbolism+of+plants&ots=zoGXL87jWC&sig=QlMPsOX-seS8US5k_C-Tnr11U2Y&redir_esc=y#v=onepage&q=symbolism%20of%20plants&f=false
3. Подгорец, Видое (1994). Криворог. Скопје: Детска радост.
4. Подгорец, Видое (1967). Деца под печурки. Скопје: Детска радост.
5. Подгорец, Видое (1993). Вечни огнови. Скопје: Детска радост.
6. Подгорец, Видое (1975). Белото циганче. Скопје: Култура.
7. Тресидер, Џек (2001). Речник на симболи. Скопје: Издавачки центар „Три“.